РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-2752/5

30-12-2020 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од подносителот ---------- -.-------- од ---------, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 45-та седница одржана на ден 29.12.2020 година донесе

О д л у к а

Постапката по предметот број 12-3366 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-3366/1 од 01.07.2019 година, доставена од подносителот од подносителот ---------- -.-------- од ---------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-3366 од 2019 година, по основ на предметните наводи постапено е од страна на друг надлежен орган а предметната постапка била запрена.

Предметот со број 12-3366 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-3366 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-3366/1 од 01.07.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, од подносителот од подносителот ---------- -.-------- од ---------.

Добиената пријава содржи наводи за вршење на притисок на лице вработено во општинската администрација на Општина --------, односно за незаконито постапување од страна на Градоначалникот на Општина -------- во однос на преземање на ингеренциите на работното место спротивно на законските одредби.

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барања до Државниот управен инспекторат на РСМ, согласно своите законски надлежности, да изврши инспекциски надзор над примената на Законот за општата управна постапка и другите закони и прописи што содржат одредби за управната постапка и извршувањето на прописите за канцелариското работење во предметната Општина. Воедно, од Општината побарани се информации и податоци во врска со предметниот случај.

По барањата на Државната комисија доставени се известувања со бараните информации со прилог документација и по разгледување на целокупната документација со која располага за предметниот случај, од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

- Во конкретниот случај станува збор за спречување на извршување на работните задачи на подносителот на пријавата, кој бил вработен во општинската администрација на работно место раководител на

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

одделението за управување со градежно земјиште и недвижен имот на општината, со секојдневно вршење на притисоци од страна на вработени во општинската администрација а по даден устен налог од страна на Градоначалникот на Општина ---------.

Подносителот на пријавата се сомнева дека овие притисоци биле резултат на законитото постапување по предмет кој му бил распореден во работа, оформен по барање за отуѓување на градежно земјиште сопственост на РСМ по пат на непосредна спогодба за оформување на градежна парцела предвидена со урбанистички план или урбанистичка планска документација доколку лицето има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела, а кое било поднесено во електронска форма од страна на лицето ------- ---------. При постапувањето по овој предмет, подносителот постапил како раководител на одделение и по истиот било одбиено предметното барање поради сомневање во законитоста на еден од документите кои биле доставени во прилог кон барањето - *Решение за легализација на објекти од 25.03.2019 година,а за кое подносителот се сомнева дека било донесено согласно Закон и тој смета дека треба да се преиспита законитоста на истото.* По однос на предметното барање биле вршени многу притисоци и од самиот подносител на барањето.

- Во врска со предметниот случај извршени се службени проверки од ДКСК и при тоа дојдено е до следните сознанија:

* предметното барање во електронска форма било поднесено на ден 19.03.2019 под број -------- а како доказ барањето од страна на подносителот ------- ------- бил доставен имотен лист ИЛ бр. -------, кој бил издаден од Агенција за катастар на недвижности под број ---- - -------/2019 од 14.03.2019 година,

* по службена должност прибавен е имотен лист ИЛ бр. --------, издаден од Агенција за катастар на недвижности под број ----- -------/2019 од 09.05.2019 година и при увидот во истиот констатирано е дека не се усогласени податоците со претходно издадениот, односно како правен основ за промена стои дека објектот кој првично бил евидентиран како времен објект, во меѓувреме за истиот било донесено Решение за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект бр. --- -----/2018 од 25.03.2019 година.

- На ден 21.09.2019 година, до ДКСК доставено е известување од страна на Државниот управен инспекторат на РСМ, кој известува дека било постапено по барањето на ДКСК од 22.08.2019 година и бил извршен бараниот инспекциски надзор при кој согласно Законот за управната инспекција, управниот инспектор ги презел следните инспекциски дејствија:

*Во однос на барањето на ДКСК за да се провери постапката на општина --------, за тоа на кој начин вработените во општината имале добиено овластување за влез/пристап во базата на информатичкиот систем на градежно земјиште е - градежно земјиште, при извршениот увид и разговорот со помошник раководителот, било констатирано дека службените лица, ------ ----------, ------- ----------, --------- -------- -------, ------- ------- -- и -------- ---------- ---------- биле Овластени службени лица за влез во базата на информацискиот систем е - градежно земјиште. Покрај горенаведените лица во истиот систем имал пристап и увид администраторот во системот за е - дозволи, е - урбанизам и е - градежно земјиште -------- ---------- ------, која можела да дава улоги и именува корисници како администратор на Е –дозволи, Е - урбанизам и Е - градежно земјиште но, немала можност да врши промени на податоците во системот. Покрај администраторот во општината како информатичар по договор за дело бил вработен и -------- ------- но истиот немал добиено улога од администраторите на ЗЕЛС за влез во е-системот.

* Врз основа на Одлуката бр.--- ------/1 од 20.11.2011 година донесена од Владата на РМ, општина ------- - се стекнала со право да менаџира со градежно земјиште сопственост на РМ, согласно Законот за градежно земјиште каде се утврдени условите како да се менаџира со земјиштето на општина --------.

*За да се стекнат со соодветното Овластување, одредените службени лица требало да следат обуки организирани од страна на ЗЕЛС. Градоначалникот на општина --------согласно член 56 став 1 од Законот за градежно земјиште („Сл. весник на РМ„ бр.„117 /11,53/11 година) со решение бр.--------- /1 од 25.08.2011 година, формирал Комисија за спроведување на постапката за јавно надавање за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште сопственост на РМ за подрачјето на општина --------, а во која меѓу другите како член бил и подносителот на пријавата. Сите членови на оваа комисија се стекнале со потребните Овластувања, што било констатирано од извршениот увид во истите .

*Во однос барањето за проверка на постапувањето на општина --------, по предметот оформен по барањето поднесено електронски преку информацискиот систем за градежно земјиште, електронски архивиран под број во уписна книга ------- од 19.03.2019 година за отуѓување на градежно земјиште сопственост на РМ за оформување на градежна парцела предвидена со урбанистички план или урбанистичка планска документација доколку лицето има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела ,а кое било поднесено во електронска форма од страна на лицето -------- ---------, се констатирало дека: Предметот бил започнат за работа од страна на Раководителот на Одделението за управување со градежно земјиште и недвижен имот на општината при општина -------, по барање за отуѓување градежно земјиште на РМ за оформување на градежна парцела предвидена со урбанистички план или урбанистичка планска документација доколку лицето има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела поднесено од ----- ----------, со прилог потребна документација кон истото. Во предметот било донесено Решение од 14.06.2019 година, кое било изготвено од страна на раководителот на Одделението за управување со градежно земјиште и недвижен имот на општина ------ -------- -. ------ , задолжена за работа со овој предмет, а со кое се одбива барањето како неосновано.

Во системот Е - градежно земјиште било испратено на одобрување до помошник раководителот на Сектор- ------- -------- но, од негова страна решението останало непотпишано. Од разговорот со помошник раководителот им било кажано дека по предметот не се постапува поради тоа што на ден 16.08.2019 година од страна на подносителот на барањето ------- ---------- била доставена изјава заверена од нотар 06.08.2019 година, со која го повлекува барањето за отуѓување на градежно земјиште сопственост на РМ за оформување на градежна парцела предвидена со урбанистички план или урбанистичка планска документација доколку лицето има во сопственост повеќе од 30% од градежната парцела на КП бр.-----,КП бр.-----/2,КП ----- /1 и. КП бр.-----/1 КО --------, наведен во Геодетскиот елаборат за нумерички податоци за реализација на урбанистички планови и урбанистичко планска документација. Од страна на службеното лице ------- ------- ------- кое било присутна при надзорот им било кажано дека не е во тек со понатамошното постапување по предметот, откако го изготвила решението бр. -------- од 14.06.2019 година, односно скоро два месеци немала пристап до информацискиот систем на е -градежно земјиште, за што усно и било кажано од страна на информатичката служба при општина -------- односно од информатичарот ------- ------, без да добие писмено известување за истото. Со оваа и било ускратено правото на потпис, распределување на предмети и увид на распределените предмети кај другите службеници од Одделението за управување со градежно земјиште и недвижен имот на Општината, каде со Решение за унапредување од 28.09.2018 год. била назначена за раководител на истото.

Од извршениот надзор и увидот во евиденцијата било констатирано дека по поднесувањето на изјавата за повлекување од страна на подносителот на барањето, од страна на органот не бил донесен управен акт за запирање на постапката, согласно член 54 од ЗОУП, за што од страна на управниот инспектор се донело решение со кое се задолжил градоначалникот на општина ------ да постапи по истото во наведениот рок. Врз основа на надлежноста утврдена во Законот за управната инспекција, управниот инспектор, изготвил Записник

за констатираната состојба Ип1 бр.-- ------- од 11.09.2019 година и за утврдените недостатоци се донело наведеното решение Ип1 бр.-- ------- од 11.09.2019 година .

-На 01.09.2020 година, по барање на ДКСК доставен е одговор од Општина ------- со прилог документација, кој се известува дека од страна на Градоначалникот на Општината било постапено по однос на Решението донесено од управниот инспектор од 11.09.2019 година и било донесено Решение за запирање на постапката од 27.09.19 година кое било електронски потпишано од Градоначалникот и доставено до подносителот на барањето, а кој на 16.08.2019 година дал изјава заверена на нотар со која го повлекува неговото барање.

-На ден 10.09.2020 година, по барање на ДКСК доставено е известување од Државниот управен инспекторат со прилози кон истото, а со кое се известува дека управниот инспектор бил известен дека во наведениот рок било постапено по Решението од 11.09.2019 година издадено при извршениот инспекциски надзор и од страна на Градоначалникот на Општината било донесено Решение за запирање на постапката од 27.09.19 година и истото било електронски доставено до странката – подносител на барањето и истото било објавено во информацискиот систем.

Врз основа на погоре утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во конкретниот случај по основ на предметните наводи постапено е од страна на друг надлежен орган, Државниот управен инспекторат на РСМ, кој постапил по барање на ДКСК и го извршил бараниот инспекциски надзор на ден 11.09.2019 година при кој согласно Законот за управната инспекција, од страна на управниот инспектор била констатирана неправилност - не постапување согласно член 54 од ЗОУП, по што од страна на управниот инспектор било донесено решение со кое се задолжил Градоначалникот на општина ------- да постапи по истото во наведениот рок. Воедно, по доставеното задолжение било постапено и управниот инспектор бил известен дека од страна на Градоначалникот на Општината било донесено Решение за запирање на постапката од 27.09.2019 година и истото било објавено во информацискиот систем е – градежно земјиште како и електронски било доставено до странката/подносител на барањето. Со оглед на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК оцени дека нема елементи за свое натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот се затвора и се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Одлучено на ден 29 декември 2020 година под бр. 12- 2752/5

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател,
Софка Пејовска Дојчиновска

Доставено до :
- Архива
- Подносител

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц, советник
Одобрил: Б.И. Претседател на ДКСК